**ОПШТИНА ПРИЛЕП**
**Локална самоуправа-**
**Одделение за урбанизам и заштита**
**на животната средина**

Врз основа на чл. 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 124/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 192/15), Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За урбанистичко планскиот документ ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА За КОМПЛЕКС ЗА ГРУПНО ДОМУВАЊЕ, СМЕСТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА СТАРИ ЛИЦА – А3 во месност Трска к.о. Беровци, на к.п. 1045, 1046, 1047, ОПШТИНА ПРИЛЕП за 2018 година бр. 09-3151/17 од 30.08.2018 година, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието на животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Прилеп, www.prilep.gov.mk.
3. Согласно критериумите за тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од чл.65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА За КОМПЛЕКС ЗА ГРУПНО ДОМУВАЊЕ, СМЕСТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА СТАРИ ЛИЦА – А3 во месност Трска к.о. Беровци, на к.п. 1045, 1046, 1047, ОПШТИНА ПРИЛЕП, нема да има влијание врз животната средина од следните причини:

   се очекуваат позитивни влијанија врз насоките на перспективен развој, хармонизацијата и просторна функционална и обликувана целина со акцент на новосоздадените објекти, оптимално користење на земјиштето, рамномерен и хармонизиран просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, здрава и хумана средина за работа. Потенцијални влијанија при имплементацијата на планскиот документ врз животната средина можат да се јават само во периодот на изградба со зголемена бучава, формирање на цврст комунален отпад, емисии од ситни честици на прав PM 10 и вибрации.

Против оваа Одлука може да се поднесе жалба преку овој орган до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вржење на работите од областа на заштита на животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Бр. 08-3439/1

10. 10. 2019 год

Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК на
Општина Прилеп
Г-дин Илија Јованоски

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп